Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 67/0306
17.02. 2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 11 февруари 2020 година, врз основа на примена жалба од Марјан Велевски, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет – порталот „Вечер.мк“, со текстот насловен „Во на мајка ти...кујната“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 12.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 28 јануари 2020 година, новинарот Марјан Велевски поднесе жалба за колумната со наслов „Во на мајка ти...кујната“, објавен на 26 јануари 2020 година, на интернет – порталот „Вечер“ (www.vecer.mk).

Во жалбата се наведува дека порталот „Вечер“ продолжил со својата практика и целосно презел и неовластено присвоил колумна објавена и во печатеното издание на дневниот весник „Нова Македонија“ и на порталот „Нова Македонија“. Според подносителот на жалбата, се работи за колумна на редовниот колумнист на „Нова Македонија“, Александар Русјаков, која била преземена и објавена од порталот „Вечер“ без воопшто да се побара дозвола и да се наведе оригиналниот извор.

*„Уште еднаш укажуваме дека ова не е прв пат да се преземат наши текстови без наша дозвола и без да се наведе изворот. Бараме да се преземат соодветни мерки против сопствениците и уредниците на порталот „Вечер.мк“,* се вели во поднесената претставка.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија се обрати до редакцијата на „Вечер.мк“, но одговор од медиумот не е добиен.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 12.

***Член 12: „****Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 11 февруари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата утврди дека се работи за грубо кршење на професионалните и етички стандари од страна на порталот „Вечер“, на начин што комплетно презел и објавил колумна на весникот „Нова Македонија“, без воопшто да го наведе изворот од каде што ја презел содржината.

Членовите на Комисијата се согласија дека се работи за туѓа содржина и претставена како содржина на „Вечер.мк“. Ова уште повеќе, што станува збор за преземање на текст на редовен колумнист на „Нова Македонија“, постапка која не може да се протолкува поинаку, освен како плагијаторство и невешт начин да се манипулира со читателите.

Имено, начинот и правилата за преземање на текстови се јасно назначени и во самиот Правилник за користење на содржини од интернет - порталот „Нова Македонија“[1] , каде што пишува:

- објавување на целосен текст од порталот „novamakedonija.com.mk“ во медиум, проект или сајт кој служи за комерцијални цели без претходна дозвола од редакцијата на „Нова Македонија“, не е дозволено;

- дозволено е објавување на 20% од текстот при што задолжително мора да се истакне изворот;

- доколку вашиот медиум е во електронска форма, потребно е да обезбедите линк до материјалот на „novamakedonija.com.mk“

Во согласност со горенаведеното, Комисијата утврди дека порталот „Вечер.мк“ го прекршил **членот 12** од Кодексот на новинарите, според кој плагијатортвото е неприфатливо, а цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

Непочитувањето на авторските права се смета за грубо кршење на етичките правила. Доколку информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело или истражување, изворот мора да биде наведен, во спротивно станува збор за плагијатор, а не за новинар.

Членовите на Комисијата, воедно, констатираа дека ова е втора жалбена постапка во период од една недела покрената од „Нова Македонија“ за порталот „Вечер.мк“ која се однесува на неовластено преземање содржини. Во овој контекст, Комисијата ги повикува медиумите јасно

[1]https://www.novamakedonija.com.mk/%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b8%d0%bb%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d1%80%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b5%d1%9a%d0%b5/

да го наведуваат изворот и авторот при преземање содржини од друг медиум, како и да ги следат правилата поставени од самите медиуми и во согласност со Законот за заштита на авторските права.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет – порталот „Вечер.мк“ (www.vecer.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595